ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА - Скопје

УНИВЕРЗИТЕТ „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# П О К А Н А

Почитуван/а,

Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања (ИСППИ) при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”- Скопје во периодот од 2013 до 2015 година го реализираше истражувањето во рамките на проектот **“ИДЕНТИТЕТИТЕ НА СТУДЕНТСКАТА ПОПУЛАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”**. Целта на овој проект беше да се направи приказ на идентитетската определба на студентската популација во Република Македонија во услови на актуелните општествени и политички констелации.

Дел од резултатите од оваа научна студија, поточно состојбите во однос на колективните наспроти индивидуалните идентитети, како и степенот на религиозноста кај студентската популација во Република Македонија, ќе бидат претставени во рамките на циклусот презентации наречен **„НАУЧНА СРЕДА**“ на 20.04.2016 во ИСППИ, со почеток во 12:00 часот.

Во таа смисла, ни претставува особена чест и задоволство да Ве поканиме да присуствувате на овој настан.

**ДНЕВЕН РЕД**

**12:00 часот**

- Обраќање на проф. д-р Мирјана Борота Поповска, директор на ИСППИ;
- Воведен збор и претставување на проектот, проф. д-р Ганка Цветанова, Раководител на Сектор за научноистражувачка дејност при ИСППИ;
- доц. д-р Бојана Наумовска: Младите помеѓу колективните идентитети и индивидуализацијата;
- проф. д-р Ганка Цветанова: Религијата и студентската популација;
- Дискусија: Идентитетите на студентската популација во Република Македонија;
- Воведни дискутанти: академик проф. д-р Катица Ќулавкова – МАНУ, проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски – Декан на Православен богословски факултет "Свети Климент Охридски" – Скопје, проф. д-р Хасан Џило – Факултет за исламски науки – Скопје.

Со почит,

проф. д-р Ганка Цветанова

Раководител на Сектор за научноистражувачка дејност при ИСППИ

проф. д-р Мирјана Борота Поповска

Директор на ИСППИ